**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на музика во јавни локали бр.07-1055/10 од 29.07.2005 год.

**Член 2**

Во член 2 од одлуката по зборот „изнесува“ бројот 6.700,оо се заменува со бројот „3.300,оо“.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3165/30** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВИТРИНИ ЗА ИЗЛОЖУВАЊЕ НА СТОКИ НАДВОР ОД ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/31** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.61/04), член 2 од Законот за комунални такси („Сл.весник на РМ“ бр.61/04) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.12.2008 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВИТРИНИ ЗА ИЗЛОЖУВАЊЕ НА СТОКИ НАДВОР ОД ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ

### Член 1

Со оваа Одлука се врши измена на одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за поставување на витрини за изложување стоки надвор од деловните простории бр.07-1055/5 од 29.07.2005 год.

### Член 2

Во член 2 од одлуката по зборот „ изнесува“ бројот „1.300,оо“ се заменува со бројот „700,00 “.

### Член 3

Во член 2 од одлуката по зборот „ изнесува“ бројот „2.700,оо“ се заменува со бројот „1.300,00“.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-3165/31**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВРШИНИ ВО КАМПОВИ, ЗА ПОДИГАЊЕ НА ШАТОРИ И ДРУГА СЛИЧНА ПРИВРЕМЕНА УПОТРЕБА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/32**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/04), член 2 од Законот за комунални такси („Сл.весник на РМ“ бр.61/04) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.12.2008 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
**ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВРШИНИ ВО КАМПОВИ ЗА ПОДИГАЊЕ НА ШАТОРИ И ДРУГА СЛИЧНА ПРИВРЕМЕНА УПОТРЕБА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба бр.07-1055/4 од 29.07.2005 год..

**Член 2**

Во член 2 од одлуката по зборот „изнесува“ бројот „40,00“ се заменува со бројот „20,00“.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3165/32** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ИСТАКНУВАЊЕ НА РЕКЛАМИ, ОБЈАВИ И ОГЛАСИ НА ЈАВНИ МЕСТА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/33** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.61/04), член 2 од Законот за комунални такси („Сл.весник на РМ“ бр.61/04) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.12.2008 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ЗА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ИСТАКНУВАЊЕ НА РЕКЛАМИ, ОБЈАВИ И ОГЛАСИ НА ЈАВНИ МЕСТА**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на одлуката за утврдување на висината на комуналната такса за истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места бр.07-1055/1 од 29.07.2005 год.

**Член 2**

Во член 2 од одлуката:
Во алинеа 1 по зборот „дена“ бројот „ 800,00“ се заменува со бројот „400,00“.
Во алинеа 2 по зборот „дена“ бројот „1300,00“ се заменува со бројот „700,00“.
Во алинеа 3 по зборот „дена“ бројот „ 1600,00“ се заменува со бројот „1.000,00“.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3165/33**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за одржување на јавната чистота на територијата на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/34**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 10 од Законот за јавна чистота („Сл.весник на РМ“ бр.111/08), член 36 став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“бр.5/02), а согласно член 18 од Статутот на општина Охрид, („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. (8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 год., донесе

# О Д Л У К А
## ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со оваа оваа Одлука се уредуваат условите и начинот на одржување на јавната чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота, површините и објектите на кои се врши одржување на јавната чистота, собирање на смет и чистење на снег и мраз во зимски услови.

**Член 2**

Одржување на јавната чистота е чистење (метење и миење) на јавните површини и отворени простори на јавни објекти, како и чистење на снег во зимски услови.

Собирање на смет е отстранување на создадениот смет од одржувањето на јавната чистота на јавните површини и објектите и сместување во садови за смет.

**Член 3**

Одржувањето на јавната чистота на јавните површини и отворени простори на јавните објекти се врши на: улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, надвозници, мостови и паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај, градски паркови, улични тревници, видиковци, автобуски и такси постројки, јавни телефонски говорници, градски гробишта, пазари, спортско-рекреативни објекти (спортски и детски игралишта), јавни санитарни објекти, јавни капалишта и отворени простори на национални и други јавни објекти.

## II. УСЛОВИ И НАЧИН НА ОДРЖУВАЊЕТО НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА

**Член 4**

Одржувањето на јавната чистота, како и рачното чистење на снегот и мразот во зимски услови на јавните површини, освен на локалните патишта и улици и отворените површини на јавните објекти ги врши ЈП„Охридски Комуналец"-Охрид.

Машинското чистење на снегот и мразот во зимски услови на локалните патишта и улици со распишување на тендер ќе се отстапи на правно лице регистрирано за зимско одржување на патишта и улици.

Корисниците, односно сопствениците на отворените простори на јавни објекти (училишта и градинки, локални и национални установи, индивидуални и колективни станбени згради) се должни истите уредно да ги одржуваат на начин со кој не се нагрдува и деградира просторот во урбаните средини, редовно да го отстрануваат сметот од истите, како и редовно да го чистат снегот и мразот во зимски услови.

**Член 5**

За вршење на работите за одржување на јавната чистота од член 4, став 1, општина Охрид донесува Годишна програма која ќе ги содржи видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување на работите, динамиката и начинот на вршење на работите.

**Член 6**

Локациите за поставување на садовите за отпад на територијата на општината ќе ги утврди Одделението за комунален развој и сообраќај на општина Охрид, по добиена согласност од страна на Одделението за инспекциски надзор на општина Охрид.

Поставувањето на садовите за отпад ќе го врши ЈП„Охридски Комуналец"-Охрид.

**Член 7**

На јавните површини и отворените простори на јавните површини е забрането:

- Фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал (градежен шут);
- Фрлање и оставање на хартија, отпушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци определени за таа намена;
- Фрлање, односно оставање на смет од вршење на дејности и од домаќинствата покрај контејнери и други садови за собирање на смет;
- Фрлање, односно оставање на смет од вршење на дејности и од домаќинствата во и покрај украсните корпи за отпадоци;
- Оставање на стари предмети од домаќинства покрај садовите за собирање на смет;
- Палење, закопување и уништување на смет;
- Оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици во садови за отпад;
- Колење на кокошки, друга живина и животни;
- Испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти;
- Истурање и испуштање на течности во садови за отпад, на улици, во канали, реки и езера;
- Миење на возила, камп-приколки и разни предмети од домаќинства и од вршење на дејности;
- Сечење, складирање, цепење на дрва, јаглен и слично;
- Паркирање на возила на растојание од десет метри од контејнер и други садови за собирање на смет и оставање на товарни возила освен на места определени за таа намена;
- Оставање на запрежни коли, трактори, земјоделски машини и алатки;
- Чување и напасување на крупен добиток и живина;
- Продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи;
- Превоз на песок, земја, цемент, глина, земјоделско ѓубре, сено, отпад или слични материјали без претходна подготовка и поклопување на материјалите со поклопец;
- Поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи;
- Оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп-приколки;
- Мешање на бетон, малтер и други градежни материјали, освен на оформена градежна парцела;
- Растурање на сметот и претурање по сметот од вреќи, контејнери и други видови садови за собирање на смет;
- Фрлање смет од било кој кат од станбена зграда или куќа, во двор;
- Поставување на контејнери и други видови садови за собирање на смет надвор од определените места за нивно поставување, согласно со нивната намена;
- Истурање на пепел, жар, други лесно запалливи и корозивни материјали кои предизвикуваат палење и уништување на садовите за собирање смет;
- Уништување на урбаната и друга опрема (клупи, фонтани, билборди, опрема на детски игралишта);
- Плукање или секнење на нос на јавни површини;
- Лепење на плакати на било кое јавно место;
- Вршење на физиолошки потреби.

**Член 8**

На отворените простори на јавните објекти се забранува:

- Фрлање и оставање на предмети од домаќинства;
- Фрлање и оставање на лисја, гранки, корења од растенија и друг растителен отпад;
- Фрлање и оставање на песок, отпадоци од градежен материјал, разни видови на амбалажа и други отпадоци;
- Оставање на смет од вршење на дејности на правни и физички лица покрај садовите за собирање на смет;
- Палење, закопување и уништување на смет;
- Оставање мртви животни, живина и птици;
- Испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти;
- Миење на возила и камп-приколки, предмети од домаќинства и предмети од правни лица;
- Сечење, складирање на дрва, јаглен и слично;
- Производство, печење на вар и дрвен јаглен, како и складирање и чување на градежен материјал без издадена дозвола од надлежен орган;
- Паркирање на возила;
- Поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи;
- Оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп-приколки;
- Оставање измет од домашни животни и миленичиња.

**Член 9**

Сопствениците на мртви домашни миленици, други мртви животни, живина и птици се должни да го известат ЈП„Охридски Комуналец“ кој ќе изврши транспорт и закопување на труповите од мртви животни, живина и птици во нивно име со соодветна надокнада.

**Член 10**

Општината со одлука ќе определи посебна локација и начин на оставање на стари предмети од домаќинства и друг габаритен отпад, локација за оставање на растителен отпад и локација за закопување на трупови и остатоци на мртви животни, живина и птици.

**Член 11**

Сопственикот, односно лицето кое управува со јавен објект е должен да ја одржува јавната чистота во јавниот објект и неговата дворна површина, при што треба да обезбеди:

- Редовно чистење и одржување на просториите во објектот;
- Садови за фрлање на отпадоци;
- Инсталациите во санитарните јазли да бидат исправни и чисти и да обезбеди тоалетна хартија, машини за сушење на раце или хартија во секое време.

**Член 12**

Правните и физичките лица сопственици на објекти, односно сопственици и корисници на отворените простори на јавни објекти што се за редовна употреба на овие објекти се должни тие простори редовно да ги одржуваат на тој начин што нема да создаваат смет и други отпадоци, како и да го одржуваат зеленилото на тие простори.

**Член 13**

На јавни објекти забрането е испишување на графити, цртање и лепење на плакети.

Во внатрешноста на јавните објекти забрането е фрлање на отпадоци, плукање, фрлање на отпушоци, мастики и други предмети или внесување на домашни миленичиња, освен со одобрение на управителот на јавниот објект.

**Член 14**

Организаторите на јавни манифестации (културни, спортски и други), на митинзи, прослави и други собири се должни веднаш по завршувањето на манифестацијата, односно по собирот да го соберат сметот направен од учесниците на манифестацијата, односно собирот и да го остават на определено место предвидено за таа намена.

Доколку организаторите од ставот 1 на овој член, не го исчистат сметот направен од учесниците на манифестацијата, ниту побараат услуга од ЈП„Охридски Комуналец“, сметот ќе биде исчистен од страна на ЈП„Охридски Комуналец„ на сметка на организаторот.

**Член 15**

При посета на излетничките места, посетителите се должни при заминувањето од излетничкото место да го исчистат сметот што го создале и да го остават на определено место предвидено за таа намена.

**Член 16**

Во зимски услови при снежни врнежи, ЈП„Охридски Комуналец„-Охрид е должен рачно да го исчисти снегот и мразот на јавните површини, и отворените површини на јавните објекти од јавните површини, освен на локалните патишта и улици, најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи и работата да ја извршува се додека наложуваат условите, со што ќе се обезбеди непречен пристап на јавните површини.

Во зимски услови при снежни врнежи, сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните објекти со што ќе се обезбеди непречен пристап до објектите.

## III. НАДЗОР И МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ

**Член 17**

Инспекциски надзор над примената на оваа Одлука врши општинскиот комунален инспектор согласно Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр.111/08).

Контрола над одржувањето на јавната чистота согласно оваа Одлука вршат комунални редари.

## IV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

За непочитување на оваа Одлука ќе се применуваат прекршочните одредби определени со Законот за јавна чистота.

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 19**

Одредбите од оваа Одлука не се однесуваат на одржување на јавна чистота во вонредни околности и во услови на елементарни непогоди.

**Член 20**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престануваат да важат одредбите од Одлуката за комунален ред на Општина Охрид, бр. 08-99 од 26.02. 1998 год. („Службен гласник на Општина Охрид“ бр.01 од 26.02.1998 год.), кои се однесуваат на јавната чистота

**Член 21**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Охрид“.

**Број 07-3165/34**
**29.12.2008 г.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА ХРИСТО УЗУНОВ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување Одбор за подигање спомен обележје на Христо Узунов, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/35**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја („Службен весник на РМ бр.66/04“) и член 18 од Законот за локална самоуправа ( Сл.гласник на општина Охрид бр.8/07) Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 год ја донесе следната:

## О Д Л У К А
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА ХРИСТО УЗУНОВ**

**Член 1**

Со оваа одлука се именува Одбор за подигање на спомен обележје на Христо Узунов.

**Член 2**

Одборот го сочинуваат претседател и четири члена во состав :

1. Крсте Стојаноски
2.Јоне Станковски
3. Никола Целакоски
4. Љубица Бошњакова Пејоска
5. Серафим Наумовски

**Член 3**

Мандатот на членовите на Одборот трае до завршувањето на изградбата на спомен обележјето.

**Член 4**

Одборот ги врши особено следниве работи :

Распишува јавен конкурс за изработка на идеен проект за подигање на спомен обележје и се грижи за спроведување на конкурсната постапка и за изборот на идејниот проект што ќе се реализира,

Ги разгледува општите прашања и предлага мерки и активности во врска со подигањето на спомен обележје,

Го следи извршувањето на одлуката за подигање на спомен обележје и за тоа со извештај го известува Советот,

Врши и други работи согласно со одлуката за подигање на спомен облежје и други прописи кои се однесуваат на реализација на активностите од надлежност на Одборот .

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3165/35** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ЈП„БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“-ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Програмата за работа и развој на ЈП„Билјанини Извори“-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/36** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Програмата за работа и развој на ЈП„Билјанини извори“ Охрид.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-3165/36**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“-ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Охридски Комуналец„-Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/37**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр. 5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид" бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ" ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Охридски комуналец"-Охрид, донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски Комуналец"-Охрид.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-3165/37** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за измена на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/38** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 54 од Законот за превоз во патниот сообраќај ("Сл.весник на РМ" бр.68/04 и 127/06), и член 18 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.08/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година, донесе

# О Д Л У К А
## ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД

**Член 1**

Со оваа одлука се менува член 5 став 1 од Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Охрид бр.07-351/1 од 09.06.1999 година и Одлуката за измена на Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Охрид бр.07-1423/5 од 13.07.2007 год. по зборот „од“ бројот „10.000,оо“ се заменува со бројот „7.000,оо“.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3165/38**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ТУРИЗАМ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Решението за изменување на Решението за формирање Комисија туризам, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/39**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ТУРИЗАМ**

1. СЕ врши измена на Решението за формирање Комисија за туризам на Советот на општина Охрид, бр. 07-533/8 од 19.05.2008 год., во точка 1 алинеа 4 и тоа:

За член во Комисијата за туризам наместо **БИЛЈАНА БАЛАЗОСКА** да стои **ТРАЈАН МАРКОСКИ.**

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3165/39**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА**
**РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Решението за изменување на Решението за формирање Комисија за месна самоуправа, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/40**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ**
**КОМИСИЈА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА**

1. Се врши измена на Решението за формирање Комисија за месна самоупрва бр. 07-533/9 од 19.05.2008 год., во точка 1 алинеа 4 и тоа:

За член во Комисијата за месна самоуправа наместо **БИЛЈАНА БАЛАЗОСКА** да стои **ТРАЈАН МАРКОСКИ.**

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид".

**Број 07-3165/40**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ И ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Решението за изменување на Решението за формирање Комисија за одбележување празници и манифестации и доделувње награди и признанија, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/41**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 32 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид„ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 29.12.2008 година, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ И ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА**

1.Се врши измена на Решението за формирање Комисија за одбележување празници и манифестации и доделување награди и признанија бр.07-533/10 од 19.05.2008 год., во точка 1 алинеа 4 и тоа:

За член во Комисијата за месна самоуправа наместо **БИЛЈАНА БАЛАЗОСКА** да стои **ТРАЈАН МАРКОСКИ.**

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-3165/ 41**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/42**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 год. го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжуваат стручните служби на МЈП „Проаква“ Струга, РЕ Водовод Охрид и ЈП „ Охридски Комуналец“ Охрид да ги испитаат можностите за утвдување привилегирани цени за комуналните услуги на корисниците на социјална помош.

**Број 07-3165/42** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 12 ДЕЛ ОД УБ 12.4. 2008-2013.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување Нацрт деталeн урбанистички план за УЗ 12 дел од УБ 12.4 2008-2013, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/43** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 і 26 stav 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/08) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12. 2008 година, донесе:

## О Д Л У К А
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ- ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 12 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 12.4 2008 -2013**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт деталeн урбанистички план за Урбана заедница 12 дел од урбан блок 12.4. 2008-2013.

**Член 2**

Со овој нацрт урбанистички план се опфаќа простор со површина од 0,40 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 12 дел од урбан блок 12.4. е опфат на границите:

**На северозапад границата оди по осовината на пристапната улица Париска Комуна.**

**На исток границата оди по осовината на пристапната улица Ново проектирана 1 .**

**На југ границата оди по осовината на пристапна патека.**

**Член 3**

Нацрт - деталниот урбанистички план за Урбана заедница 12 дел од урбан блок 12.4. со тех. бр. 141/2008 изработен од ИН – ПУМА Скопје содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт - детален урбанистички план за Урбана заедница 12 дел од урбан блок 12.4.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 3165/43** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/44** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 год. го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Се задолжува градоначалникот на вработените во општина Охрид и на членовите на Советот да им исплати паричен надоместок на име Божиќни награди износ од 3000,оо денари.

**Број 07-3165/44**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО РАМКОВЕН РЕВОЛВИНГ КРЕДИТ

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за задолжување со рамковен револвинг кредит, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/45**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО РАМКОВЕН РЕВОЛВИНГ КРЕДИТ

Член 1

Се одобрува задолжување со рамковен револвинг кредит на ЈП „ Охридски Комуналец“ во висина од 5 000 000,оо денари, кај Охридска банка АД Охрид. Рокот за задолжување со рамковен револвинг кредит важи до 30.04.2010 год.

Член 2

Обезбедувањето на кредитот претставува веќе засновано заложно право хипотека врз имот : деловен простор на прв и втор кат во површина од 700 м2, кој имот е лоциран на градското пазариште Охрид и е стекнат по основ на одобрение за градба Уп.бр.0303679/84 02.11.1984 год.

Член 3

Целта на задолжувањето е измирување на обврските по основ на данок кон Управата за јавни приходи.

Член 4

Се овластува ВД директорот на јавното претпријатие да потпише договор , односно анекс договор за одобрување на рамковен револвинг кредит со Охридска банка АД Охрид под условите утврдени со оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Охрид..

**Број 07-3165/45** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12. 2008 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

## З А К Л У Ч О К

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/46** **ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 год. го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

Се задолжуваат стручните служби на МЈП „Проаква“ Струга РЕ „Водовод“ Охрид и ЈП „ Охридски Комуналец“ Охрид да изготват листи на должници за неплатени сметки за вода и ѓубре за период од 4 години и истите да бидат доставени на разгледување на Советот .

**Број 07-3165/46** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**29.12.2008 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Владо Чингоски с.р.**

# З А К Л У Ч О К
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 година.

**Број 08-3165/47**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 29.12.2008 год. го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К

Се задолжуваат градоначалникот и администарцијата да отпочнат активности за организирање собири на граѓани, согласно поднесените Иницијативи за основање облици на месна самоуправа.

**Број 07-3165/47**
**29.12.2008 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Владо Чингоски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

1. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2009 ГОД. 2

2. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2009 ГОД. 4

3. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ 2009-2011 ГОД. 6

4. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ ЗА 2009-2011 ГОД. 9

5. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА ЗА 2009 ГОД. 13

6. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ЗА ПЕРИОД 2009-2011 ГОД. 15

7. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА 2009 ГОД. 18

8. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, УЛИЦИ И РЕГУЛИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ 21

9. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНА ЧИСТОТА ЗА 2009 ГОД. 23

10. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО ЗА 2009 ГОД. 33

11. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ИЗГРАДБА НА ЈАВНО ОСВЕТЛУВАЊЕ ЗА 2009 ГОД. 42

12. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2009 ГОДИНА 45

13. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРМАТА ЗА ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2009 ГОДИНА 49

14. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА 2009 ГОДИНА 52

15. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИСКИ ПОТРЕБИ НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВ ПОЖАРНА ЕДИНИЦА ОХРИД ЗА 2009 ГОДИНА 57

16. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД ВО 2009 ГОДИНА 60

17. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И ДЕТСКА ЗАШТИТА ЗА 2009 ГОДИНА 67

18. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРМАТА ЗА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2009 ГОДИНА 70

19. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗДРУЖЕНИЈА ЗА 2009 ГОД. 71

20. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ ЗА 2009 ГОДИНА 75

21. ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА ЗА 2009 ГОДИНА 75

22. БУЏЕТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ОХРИД ЗА 2009 ГОДИНА 75

23. ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2009 ГОДИНА 76

24. ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ДАНОК НА ИМОТ 79

25. ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ДАНОК НА НАСЛЕДСТВО И ПОДАРОК 80

26. ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР ЗА ПАРКИРАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА 81

27. ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПРОСТОР ПРЕД ДЕЛОВНИ ПРОСТОРИИ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТ 81

28. ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА МУЗИКА ВО ЈАВНИ ЛОКАЛИ 83

29. ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВИТРИНИ ЗА ИЗЛОЖУВАЊЕ НА СТОКИ НАДВОР ОД ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ 84

30. ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВРШИНИ ВО КАМПОВИ, ЗА ПОДИГАЊЕ НА ШАТОРИ И ДРУГА СЛИЧНА ПРИВРЕМЕНА УПОТРЕБА 85

31. ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА КОМУНАЛНАТА ТАКСА ЗА ИСТАКНУВАЊЕ НА РЕКЛАМИ, ОБЈАВИ И ОГЛАСИ НА ЈАВНИ МЕСТА 86

32. ОДЛУКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ОХРИД 88

33. ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА ХРИСТО УЗУНОВ 92

34. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“-ОХРИД 94

35. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“-ОХРИД 95

36. ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА АВТО-ТАКСИ ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ ВО ОПШТИНА ОХРИД 96

37. РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ТУРИЗАМ 97

38. РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА 98

39. РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ И ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА 99

40. ЗАКЛУЧОК ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРИВИЛЕГИРАНИ ЦЕНИ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ ЗА КОРИСНИЦИ НА СОЦИЈАЛНА ПОМОШ 100

41. ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ-ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 12 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 12.4 2008-2013 100

42. ЗАКЛУЧОК 102

43. ОДЛУКА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО РАМКОВЕН РЕВОЛВИНГ КРЕДИТ 102

44. ЗАКЛУЧОК ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ЛИСТИ НА ДОЛЖНИЦИ ЗА НЕПЛАТЕНИ СМЕТКИ ЗА ВОДА И ЃУБРЕ 103

45. ЗАКЛУЧОК 104